ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ИМЕ НА ПРОГРАМСКАТА АКТИВНОСТ**

1. **Финансиска поддршка за реализација на мерка-Летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба**

**ОПИС НА АКТИВНОСТИТЕ**

**1.1.** Терминот за одмор и рекреација на децата е одбран во месец август со цел температурите во охридското подрачје да бидат повисоки како би можеле да се реализираат предвидените летни активности кои што вклучуваат и активносите во вода.

**1.2.** Децата ќе бидат во постојана придружба на 4 педагошки работници кои што се и членови на Комисијата за спроведување на проектот, кои што се активно вклучени во комплетната реализација на предвидената програма.

**1.3.** План на активности по денови

**Прв ден**:

Од 08:30 часот: Состанок со групата пред паркингот на општина Крива Паланка и тргнување кон Охрид со високо туристички автобуси.

До 12 часот: Пристигнување на учесниците во Детското одморалиште „Радости“ во туристичката населба „Свети Стефан“ во Охрид

Од 13:30 часот: РУЧЕК

Од 14 до 18 часот: Одмор, умерено сончање и капење.

***Напомена:***

*Плажата е секојдневна, во препорачливо време од денот, со лице задолжено за безбедност на плажа. Според временските услови, ако попладнињата се врнежливи, работилниците, наместо во претпладневниот термин, ќе се поместат попладне со тоа што учесниците ќе се сончаат и ќе рекреираат претпладне.*

Од 18 часот: Прошетка покрај езерото

Од 19:30 часот:  ВЕЧЕРА

Од 20 до 21 часот: Координација со педагозите и одговорните на одморалиштето со цел поуспешна организација на планираните активности.

21 до 22 часот: Забавна вечер, весела и разиграна ноќ со популарна музика по избор на самите учесници со цел запознавање на децата преку игра и забава.

**Втор ден**

Од 7:45 до 8:30 часот: Постојан утрински час со аниматорот за физички  активносит и вежби.

Во 8:30 часот: ПОЈАДОК

Од 9 до 10:30 часот: *„Креативна училница-работилница“* од забавен, но и творечки карактер со писателот за деца Горјан Петревски.

Од 11 до 13 часот: Крај езерото, на плажа, умерено сончање и капење по желба на учесниците и менторите, а под надзор на лицето задолжено за безбедност на плажа и педагошките работници

Од 13:30 часот: РУЧЕК

Од 14 до 18 часот: Пладневен одмор, (во собите или во сенките крај езерото), сончање и капење

19:30 часот: ВЕЧЕРА

20 часот: Предавање за социјална инклузија од страна на стручно лице.

21:30 часот:  Забавни и натпреварувачки активности „Маскенбал“.

**Трет ден**

Од 7 до 7:30 часот: Будење и станување за да се доживее утрото, рекреативен час со пешачење до манастирот „Свети Стефан“, кој е на 2 км од одморалиштето, со инспиративна панорама кон езерото

Од 8:30 часот: ПОЈАДОК

Од 9 до 11:30 чсот: *„Креативна училница-работилница“* со педагошки работник.

Од 13:30 часот: РУЧЕК

Од 14 до 18 часот: Час-два одмор во собите, умерено сончање и капење, рекреација на брегот од езерото.

Од 16 до 19 часот:  Духовити, омилени и возбудливи забавно-спортски „Игри без граници“ во организација на аниматорот

19:30 часот: ВЕЧЕРА

21:30 до 23 часот: Забавни и натпреварувачки активности „Златен глас“ .

**Четврти ден**

Од 7 до 7:45: Рекреативен утрински час

Од 8:30 часот: ПОЈАДОК

Од 9:30 до 11:30 часот: „Креативна училница-работилница“ од забавен карактер.

Од 13:30 часот: РУЧЕК

Од 14 до 18 часот: Одмор, рекреација, умерено сончање и капење.

Од 18 до 19:30 часот: Крај брегот на езерото предавања за делови од Конвенцијата за правата на децата.

19:30 часот: ВЕЧЕРА

Од 21:30 до 23 часот: Забавни и натпреварувачки активности „Покажи што знаеш“

**Петти ден**

Од 7:45 до 8:15 часот: Рекреативен утрински час

Од 8:30 часот: ПОЈАДОК

Од 10 до 15 часот: Организирана прошетка на охридското крајбрежје, покрај плажите на Славја до претседателската вила „Билјана“.

Од 18 часот: Креативна работилница

19:30 часот: ВЕЧЕРА

Од 20 до 22 часот: Забавни и натпреварувачки активности „Најоткачена фризура“

**Шести ден**

Од 8:30 часот: ПОЈАДОК

Од 10 до 11:30 часот: „Креативна училница-работилница“каде учесниците во проектот треба да ги напишат своите впечатоци за времето поминато во Охрид

Од 13:30 часот: РУЧЕК

Од 14 до 17 часот: Одмор, рекреација на плажата и во кругот на одморалиштето и слободни активности по избор

Во 17 часот: УЖИНКА

Од 17:30 до 19 часот: Натпреварувачки спотрски активности во фудба, пин понг, одбојка, кошарка и слично во организација на аниматорот.

19:30 часот: ВЕЧЕРА

Од 20 до 21:30 часот: Втор дел на „Креативна училница-работилница на која ќе се приложат и ќе се читаат напишаните творби од учесниците за алманахот кој ќе биде промовирана на посебен настан кој ќе се одржи во месец септември во просториитен на општината.

Од 21:30 до 24 часот: „Слободна забавна вечер“

**Седми ден**

Од 8 до 9 часот: ПОЈАДОК

Во 9:30 часот: „По средба - разделба“, на која, како и на почетокот, на истото место од пречекот, на брегот од езерото, поздравување, фотографирање и затворање на проектот СИТЕ СМЕ ЕДНО со надеж дека догодина повторно ќе другаруваме на истото место, но веќе позрели и поискусни.

Заминување во веќе претходно утврдено време, околу 11 часот.